24.10.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Енвер Гаши за текстот насловен „Burri dhe gruaja nga Maqedonia kapen me drogë në Zvicër“ (Маж и жена од Македонија се фаќаат со дрога во Швајцарија), објавен на интернет порталот „Актуале.мк“.**

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 октомври 2017 година, Енвер Гаши поднесе жалба за текстот со наслов „Burri dhe gruaja nga Maqedonia kapen me drogë në Zvicër“ (Маж и жена од Македонија се фаќаат со дрога во Швајцарија), објавен на 2 октомври 2017, на интернет порталот „Актуале.мк“ (www.aktuale.mk).

Жалителот во жалбата реагира на прекршени авторски права, односно дека интернет порталот Актуале.мк презел текст од интернет порталот „Штегу“ (www.shtegu.com), без да наведе извор на информацијата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот. Таа, најпрво, стапи во контакт со интернет порталот „Актуале.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Жалителот Енвер Гаши соопшти дека ги надминал недоразбирањата со уредникот на медиумот и дека веднаш ја повлекува жалбата.

Во согласност со наведеното и врз основа на членот 13 од Деловникот за работа, на седницата на 19.10.2017 година, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот, како резултат на помирување меѓу страните.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595